РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Бр. 16-116/1
15.01 20 20 год.
ГЕВГЕЛИЈА

О П Ш Т И Н А  Г Е В Г Е Л И Ј А
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
**за работата на комуналната инспекција**
**за 2020година**

Изработиле:
Димитар Апостолов
Ѓорге Гребенаков

Гевгелија, декември 2019 година

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА КОМУНАЛНАТА ИНСПЕКЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2020 год

## Вовед

Работните активности на општинската комунална инспекција во текот на 2019 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски прописи :

1.Закон за инспекциски надзор (Сл.Весник на Р.С.М.бр 109/19 г),

2. Закон за општа управна постапка ( Сл.Весник на Р.М.бр124/15 г.)

3.Закон за комунални дејности (Сл. Весник на Р.М. бр.45/97г. 23/99;45/02;16/04, 05/09, 95/12, 163/13,42/14, 44/15, 147/15, 31/16 г);

4. Закон за јавната чистота, (Сл.Весник на Р.М.бр.111/2008г, 64/09, 88/2010 130/2010,23/1, 53/1164/09, 88/10, 130/10,23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 г) ;

5. Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.Весник на Р.М.бр.68/2004 28/2006, 103/08, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15, 31/16 г.);

6.Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти (Сл.Весник на Р.М.бр. 145/10, 136/11, 163/13, 147/15г.) и

7.Закон за гробишта и погребални услуги (Сл.весник на РМ бр.86/2008156/10, 53 /11, 163/13, 152/15, 31/16 г)

8.Закон за урбано зеленило („Службен весник на РМ„ бр 11/18 г)

Комуналната инспекција врши инспекциски надзор над примената на овие закони и прописите донесени врз основа на нив, на јавни површини и на отворени простори на јавни објекти, на даватели на услуги кои се од јавен интерес од локално значење на општина Гевгелија согласно со закон.

Комуналната инспекција е во состав на Одделението за инспекциски надзор согласно актот за систематизација на работните места. Во моментот работат двајца инспектори.

## ПЛАНИРАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

При утврдувањето на содржината на планот за работа на комуналната инспекција за 2020 година се појде од надлежностите и организацијата на општина Гевгелија утврдени со националната легислатива. Истиот е изработен од страна на комуналниот инспектор и е доставен до градоначалникот на општината на одобрување. При изготвувањето на планот во предвид се земени сите релевантни аспекти како што се генералниот пристап, надградување на информациите, категориите на инспекцискиот надзор и фрекфенциите на инспекциите.

Планирањето на инспекцискиот надзор вклучува:

-донесување на месечен план за работа;
-налог издаден од градона;алникот или раководителот на инспекциската служба;

Планирањето на инспекцискиот надзор се спроведува пред посетата на субјектот на инспекцискиот надзор и опфаќа повеќе активности:

- одредување на опфатот на инспекцискиот надзор;
- одржување на координативен состанок во случај кога инспекцискиот надзор се врши од два или повеќе инспектори;
- доставување на писмено известување придружно со листа за проверка (при редовен инспекциски надзор)
- припрема за посети на лице место;
- посета на лице место;
- процесуирање на активностите;
- продолжување на активностите.

## 1. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА КОМУНАЛНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Главна активност на комуналната инспекција е да спроведе проверки, истраги и ревизии на субјектите на надзорот.

Инспекцискиот надзор се врши како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден

***Редовен инспекциски надзор*** ќе се врши над примената на одредбите од законите од областа на комуналните дејности, се со цел :

- навременото, економичното и ефикасното остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;
- постапувањето во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со актите на судските органи;
- навременото вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;
- обезбедувањето на доказите по службена должност што ја води органот надлежен за решавање, друг ораган на државната управа, правни и други лица кои имаат јавни овластувања и општината;
-извршувањето на правосилните управни акти;
-наплатата на трошоците во постапката;
-примање на поднесоците;